Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС, Скопје
Бр. 437/0306
14.10.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 октомври 2019 година, врз основа на примена жалба од Трајче Арсов, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот Република, со текстот насловен „Адвокатот на Кирацовски е бизнисменот кој ја хакнал Фејсбук страницата „Ветераните на Трамп“, го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 септември 2019 година, адвокат Трајче Арсов поднесе жалба против „Прва Република“ ДОО Скопје за текстот насловен „Адвокатот на Кирацовски е бизнисменот кој ја хакнал Фејсбук страницата „Ветераните на Трамп“, објавен на 18 септември 2019 година, на интернет – порталот Република (www.republika.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи клевета и повреда на авторски права. Подносителот на претставката смета дека објавениот наслов е целосно невистинит и не кореспондира со содржината во статијата, а текстот е спротивен на професионалните стандарди и етика на новинарската професија. Адвокатот Арсов посочува дека новинарот не ја испочитувал и обврската да побара мислење од сите засегнати страни и дека медиумот презел и објавил негова лична фотографија без да добие дозвола за тоа.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет – порталот „Република“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалителот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст без автор, кој пренесува информација за наводна инволвираност на македонски адвокат во сомнителни малверзации со Фејсбук групи во САД. Се работи за содржина која е преземена од американскиот весник Вашингтон

пост и која во најголем дел е коректна, но сепак не нуди целосно објективна информација и согледување на сите значајни аспекти.

Ова од причина што новинарот требало да обезбеди став од сите засегнати во текстот, вклучително и од адвокатот Трајче Арсов, кој е посочен дека преку објавување наведувачки информации на социјалните мрежи, наводно, се обидел да влијае на исходот од претседателските избори во САД во 2016 година. Иако текстот е преземен од угледен светски медиум, тоа воопшто не го ослободува од одговорност интернет – порталот „Република".

Медиумите се одговорни и за искажаното во другите медиуми, зашто со нивното објавување, таквите содржини добиваат јавност. Новинарот морал да го испочитува основното новинарско правило и да побара мислење и од адвокатот Арсов. Со тоа, новинарот ќе обезбедел целосен и поурамнотежен новинарски производ, наместо да смета дека е доволно само да ја пренесе информацијата, која, меѓу другото, делумно е ставена и во политички контекст, со потенцирањето дека Арсов бил адвокат на поранешен висок функционер на СДСМ.

Оттука, Комисијата за жалби најде дека во текстот, објавена на веб – страницата на весникот Вечер е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка, особено е нагласена во поднасловот и во следните реченици:

***„Адвокатот на Кирацовски прозван за ширење лажни вести од страна на Вашингтон Пост."***

***„Трајче Арсов е адвокат, кој и порано бил посочуван како претприемач кој развива десничарски ориентирани Фејсбук страници.***

***„Браќата Арсови потенцирале дека се десно ориентирани и дека се задоволни што со своите Фејсбук страници „им помогнале на Американците да го изберат вистинскиот кандидат во 2016 година".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

**Забелешка:** Комисијата за жалби констатираше и дека интернет-порталот „Република", докрај не го испочитувал правилото за начинот на кој треба да се обајви демант. Медиумот целосно го објавил демантот испратен од жалителот, адвокатот Арсов, но проследен со полемичен коментар во форма на редакциски став[1]. Во исто време, од самиот наслов на

[1] https://republika.mk/vesti/makedonija/za-advokatot-na-kiracovski-vazno-e-da-se-demantira-neshto-pa-toa-da-e-i-nishto/

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

демантот „За адвокатот на Кирацовски важно е да се демантира нешто, па тоа да е и ништо", не може јасно да се утврди дека се работи за официјално објавен демант.

Во овој контекст, Комисијата апелира до медиумите при објавувањето на исправка, демант или одговор да водат сметка тоа да биде во разумна должина и во релација со темата, да нема полемичен коментар и да биде во пристојна форма, како и да биде објавен на начин од самиот наслов да може да се воочи дека се работи за демант.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Интернет – порталот Република (www.republika.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595